ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED EN ISO 9001 TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 19 септември 2016

# ДЕМАНТ

## На прес конференцијата на г-ѓа. Ременски на 19.09.2016 година

Почитувани, ја разбираме потребата на г-ѓа Ременски да изгледа дека нешто работи, но Фондот сака да информира дека категориите граѓани кои ги спомна, се веќе ослободени од партиципација и истите не плаќаат партиципација согласно Законот за здравствено осигурување **уште од 29.3.2000 година**, односно цели 16 години.

Добро е што г-ѓа Ременски дознала дека не постојат законски пречки за ослободување од партиципација, согласно Законот за здравствено осигурување, за децата со посебни потреби, корисниците на постојана парична помош, лица сместени во установа за социјална заштита и во друго семејство според прописите за социјална заштита и душевно болни лица сместени во психијатриски болници/ментално ретардирани лица без родителска грижа.

Согласно Законот за општа и управна постапка, надлежната државна институција која води регистар, е единствено надлежна да издава потврда, во случајов тоа е Министерството за труд и социјална политика.

ФЗОМ уште пред неколку недели ги извести медиумите дека е надминат проблемот со потврдите кои треба да ги издава Министерството за труд и социјална политика, а врз основа на кои ФЗОМ се понуди да издава известување за овие лица, со цел непречено остварување на права од здравственото осигурување.

Како потсетување, во прилог е линкот од објавената информација во дневниот печат Вест, уште на 17.08.2016 година т.е. пред повеќе од 30 дена.

http://vest.mk/?ItemID=851C536A0BA86543AF56ED4422084217

На крајот би сакале да додадеме дека наша прва и основна цел е грижата за осигурениците.